ТИКВЕШ

март 2009 Бр. 2

Веритас

ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАТЕЛИТЕ НА ВИНАТА НА ТИКВЕШ

- „Тиквеш" и лозарите заедно го прославија успехот
- Ден и ноќ со „Тиквеш" во Загреб и во Белград
- Калиопи на вината на „Тиквеш" им ја посвети песната „Дај да пијам"
- „Тиквеш" - Супербренд во Македонија
- „Ергион": одличен спој на свежина, хармонија и елеганција

Месиќ уживаше во црвеното тиквешко

Хрватскиот претседател Стјепан Месиќ го посети штандот на нашата винарска визба, на престижната саемаска манифестација од областа на прехранбената индустрија и туризмот ГАСТ 2009 што се одржа во Сплит, а на која учествуваа повеќе од 1000 излагачи од сите земји на регионот. Претседателот на Управниот одбор на винарската визба „Тиквеш" Светозар Јаневски му подари на хрватскиот претседател шише од високо квалитетното црвено вино „Vranec Limited Edition".

На манифестацијата нашето вино „Chardonnay Special Selection" по трет пат се закити со златен медал на 14 тото меѓународно оценување на вината и жестоките пијалаци од сите земји на регионот, во конкуренција со вкупно 440 висококвалитетни мостри.

Македонските вина се особено ценети на хрватскиот пазар, а доказ за тоа е и податокот дека нашата винарска визба во Хрватска пласира над милион шишиња вино годишно.

Квалитетот на тиквешките вина е одамна афирмиран и препознаен во поширокиот балкански регион. Нам ни останува постојано да го потврдуваме и надградуваме, како и да ја наградуваме довербата која во него ја имаат сите наши пријатели.

Ова издание на Веритас го посветуваме на нашите пријатели од регионот. Во Белград и во Загреб, со нашите пријатели минавме Ден и ноќ, промовирајќи ги нашите вина „Special Selection". Тие уште еднаш потврдија дека „Тиквеш" е врвното од Македонија. А, врвното вино од Македонија најдобро оди во друштво со врвна музика. Заедно со „Тиквеш", Балканот го освојува и нашата најголемата музичка ѕвезда Калиопи со голема концертна турнеја.

Квалитетот на нашите вина сепак доаѓа од дома. Затоа успесите и резултатите ги прославивме и со нашите партнери лозарите, без чија напорна работа и посветеност во одгледувањето грозје, нашите вина не би можеле да бидат толку добри.

„Тиквеш" и лозарите заедно го прославија успехот

Во Винскиот ресторан на „Тиквеш", вработените во винаријата заедно со своите партнери, индивидуалните лозари и лозарските компании, го прославија минатогодишниот успех на винаријата. На лозарите им се обрати претседателот на Управниот одбор, Светозар Јаневски, истакнувајќи ја долгогодишната определба на нашата винарија да произведува висококвалитетни вина и да ја зајакнува позицијата на премиум бренд на домашниот и на странските пазари. Тој нагласи дека преку остварување на тие вредности долгорочно ќе се подобри состојбата на добавувачите и на сите производители на грозје и ќе се придонесе за економски развој на тиквешкиот регион.

Генералниот менаџер на ВВ „Тиквеш", Ѓорѓи Петрушев, на присутните лозари и лозарски компании им се заблагодари за соработката и за партнерскиот однос и им даде благодарници и вино за чие производство придонеле со квалитетот на испорачаното грозје. Неколкумина добија и парична награда, а критериум за нивниот избор беше квалитетот на испорачаното грозје, како резултат на грижата и вниманието во процесот на одгледување.

Минатата година ВВ „Тиквеш" откупи 34% повеќе грозје во однос на 2007 година. Откупната цена достигна и до 24 денари за килограм квалитетно грозје од избрани сорти и лозја од кои се произведуваат врвните вина на ВВ „Тиквеш". Во откупот и производството на вино „Тиквеш" континуирано соработува со повеќе од 2.000 индивидуални лозари и лозарски компании од кавадаречкиот вински регион.

„Тиквеш", „Т га за југ", „Александрија" и ракијата „Жолта" - супербрендови на македонскиот пазар

Винарската визба „Тиквеш", вината „Т'га за југ" и „Александрија" и ракијата „ Жолта" ја добија титулата водечки брендови (супербрендови) на македонскиот пазар во изборот организиран од меѓународната организација „Супербрендс".

Калиопи на вината на „Тиквеш" им ја посвети песната „Дај да пијам"

По повод Денот на виното и на љубовта, првата дама на македонската поп-музика Калиопи одржа спектакуларен концерт во Метрополис арена, на кој присуствуваа повеќе од 5.000 посетители.

На овој мегамузички настан Калиопи уште еднаш ги помести стандардите кога е во прашање поп-музиката и покажа зошто е на самиот врв на македонската музичка сцена. Музичките новинари од сите релевантни домашни и странски медиуми се едногласни во констатацијата дека концертот на Калиопи во продукциска смисла на зборот беше беспрекорна аудио-визуелна приказна, репер за одличен концерт и во регионални рамки, со кој Калиопи докажа дека е ѕвезда од светски ранг на која ѝ нема рамна на Балканот и дека заслужено го носи епитетот македонска поп-дива и балканска поп-кралица.

Во име на успешната соработка со нашата визба, Калиопи им ја посвети песната „Дај да пијам" на вината на „Тиквеш". Официјален пијалак на вечерта беа токму нашите вина, а гостите во VIP-делот на Метрополис арената беа пречекани со „Alexandria Cuvee Rose" како welcome drink.

Калиопи минатата година го промовираше албумот „Сакам да ти кажам" на хрватски јазик. Првата промоција се одржа во Музејот на современа уметност во Скопје, а следуваа и промоции во Загреб и во Белград.

Промоции на „Special selection"

Во рамките на кампањата „Ден и ноќ", во продажните и во угостителските објекти во Македонија, Србија и во Хрватска беа промовирани вината „Special Selection" на „Тиквеш". Во продажните објекти во Србија се одржаа 225, во Хрватска 215, а во Македонија 99 промоции. Заедно со промоциите се делеа и пропагандни материјали: на пример, во Србија преку пропагандни летоци 20.000 луѓе добија информации за вината на „Тиквеш", а секој осми беше и купец на истите.

Во сите три земји беа остварени одлични продажни резултати. Во Србија беа најпродавани вината „Кабернет Совињон", потоа „Темјаника" и „Мерлот", а во Хрватска најмногу се продаваа „Вранец", „Шардоне" и „Ризлинг". Во Македонија беше промовирана и новата линија вина на „Тиквеш" - „Alexandria Cuvee", кои воедно беа и најмногу продавани, заедно со „Кабернет Совињон" и „Вранец".

Покрај промоциите во маркетите, беа организирани дегустации на нашите вина и во ресторените и кафулињата. Круна на промоциите беа специјалните вечерни настани организирани во Белград и во Загреб, кои во иднина се планира да прераснат во традиционални средби на пријателите на „Тиквеш".

„Ден и ноќ" специјално во Белград

Специјална забава, специјални луѓе, специјални вина, специјална селекција: беше мотото на промоцијата „Тиквеш – Ден и ноќ" што се одржа во Белград во дискотеката Магацин. Пред многубројни гости беа промовирани белите и црните вина од линијата „Special Selection": „Темјаника", „Ризлинг", „Шардоне", „Вранец", „Мерлот" и „Кабернет Совињон".

Атмосферата ја загреа „Live band – grupa Giogolo" со популарни поп-рок странски и домашни песни. Забавниот и ориентален поп-ритам беа дел од танчарската програма, проследена со специјални светлечки и димни ефекти.

Од ексклузивната промоција гостите си отидоа со пораката: Тиквеш не е веќе таму некаде далеку, тој е тука и ни е при рака, на секој чекор, со добро друштво и забава!

Танц и тиквешко вино во Загреб

На специјален настан, кој беше дел од програмата „Тиквеш - Ден и ноќ", во Загреб, пред многубројни деловни и приватни пријатели на нашата винарија од Македонија и од Хрватска, беа промовирани вината „Special Selection". Промоцијата се одржа во Restoran & Lanuge bar Spoon, во Hipo centar во Загреб, а црно-белите елементи во декорацијата на барот и ексклузивните промотивни материјали само го надополнија чувството дека белите вина на „Тиквеш" се идеален избор за дневна, а црните за ноќна консумација.

Овој специјален настан треба да стане традиционален. Идејата е секоја година да се собираат пријателите на нашата винарија во Загреб за да се потсетат повторно на исклучителниот и врвен квалитет на тиквешките вина и континуирано да се оправдува нивната доверба и лојалност.

Забавниот дел на овогодишната промоција го водеше познатата хрватска водителка и пејачка Маја Шупут, а гостите ги забавуваше En Joy и диџеј Младен Бомоштар. Присутните, поттикнати од професионални танчари, се натпреварува во танцување, а најдобриот доби патување во Охрид како награда, која истовремено ќе остане прекрасен спомен од ова неповторливо дружење.

ERGION

ОДЛИЧЕН СПОЈ НА СВЕЖИНА, ХАРМОНИЈА И ЕЛЕГАНЦИЈА

Од неодамна ВВ „Тиквеш" почна да го произведува квалитетното суво пенливо вино „Ергион", како едно од најелитните вина без кое не може да се замисли светот на успешните. Неповторливите меурчиња се резултат на најсложената метода за производство на вино. Покрај примарната ферментација, која е иста како и кај другите вина, секундарната ферментација кај пенливите вина се одвива во самото шише. Неповторливиот вкус на „Ергион" се должи на малото количество шеќер и квасец, по што шишето се затвора со т.н. „кралска капица" и се поставува под агол од 45 степени. Процесот на ферментација на виното „Ергион" трае од минимум шест месеци до една година. Во тој период, еднаш месечно шишето се врти рачно за пет степени. Меурчињата се должат на присуството на јаглерод диоксид кој се создава на природен начин, во текот на процесот на ферментација.

Во светот постојат четири методи за производство на пенливо вино. За да се добие вистинскиот ефект, најдобар е традиционалниот, класичен начин на производство, кој е долга, скапа и сложена метода. Пенливото вино „Ергион" на ВВ „Тиквеш" е произведено токму на тој начин, на што се должи и неговиот висок квалитет.

Се препорачува како аперитив на 5ºC и како неизоставен дел на секоја добра забава. Ова пенливо вино оддава одличен спој на свежина, овошност, хармонија и елеганција. Нежните и фини меурчиња создаваат кремаста текстура, заокружена со исклучително свеж финиш.

www.tikves.com.mk